Уп. бр. 08-170

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, со седиште на Виа Делл’Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија, преку Маја Парговска адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 24.12.2025 година, го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

Се утврдува дека концентрацијата со која ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, со седиште на Виа Делл’Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија ќе стекне контрола над делови од имот и делови од деловни активности на: ЛЕВИ ШТРАУС & цо ЈУРОП (LEVI STRAUSS & co EUROPE), со седиште на Плоштад Бастион 1А, 1050 Иксел, Белгија и на ЛЕВИ СТРАУСС ДЕ ЕСПАЊА, С.А. (LEVI STRAUSS de Espana S.A.), со седиште на АВ Диагнонал, 561-565 P.3, Барселона 08029, Шпанија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 26.11.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, со седиште на Виа Делл’Агрицолтура 51, КАРПИ (МО) КАП 41012, Италија со која ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ ќе стекне контрола над делови од имот и делови од деловни активности на: ЛЕВИ ШТРАУС & цо ЈУРОП (LEVI STRAUSS & co EUROPE), со седиште на Плоштад Бастион 1А, 1050 Иксел, Белгија и на ЛЕВИ СТРАУСС ДЕ

ЕСПАЊА, С.А. (LEVI STRAUSS de Espana S.A.), со седиште на АВ Диагнонал, 561-565 Р.3, Барселона 08029, Шпанија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, е** со предмет на работење: производство, продажба и трговија на сите видови на производи за широка потрошувачка, вклучувајќи, без исклучок, облека и додатоци, спортски артикли и опрема, обувки. Односно друштвото се занимава со производство, продажба и трговија на потрошни стоки со посебен фокус на гардероба и придружни модни додатоци, спортска опрема, обувки, модни производи од кожа, облека и долна облека, ракавици, производи за лична хигиена, бебешки артикли и други сродни производи.

**ОРБИКО СПОРТСТАЈЛ ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ,**е во 100% сопственост на **ОРБИКО ДОО за трговија Загреб**, со седиште на ул. Котурашка Цеста 69, Загреб, Република Хрватска, МБС: 080234144 и со предмет на работење: трговија, а кое пак е присутно во Република Северна Македонија преку:

Друштво за трговија и услуги **ОРБИКО ДОО Скопје**, со седиште на ул. Борис Трајковски бр. 286, Кисела Вода - Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 5024277 и со предмет на работење - приоритетна дејност: 46.900 - неспецијализирана трговија на големо. Главен предмет на работењето на ОРБИКО ДОО Скопје е неспецијализирана трговија на големо. Истиот е застапник и дистрибутер на територијата на Република Северна Македонија за голем број на брендови на прехрамбени производи, моторни масла, батерии, парфеми, тоалетни води и дезодоранси, декоративна козметика, производи за лична хигиена, производи за нега, производи за одржување на хигиена во домаќинствата.

Трансакцијата се однесува на стекнување на целосна контрола над одредени делови од имот и одредени делови од деловни активности на: ЛЕВИ ШТРАУС & цо ЈУРОП со предмет на работење - приоритетна дејност: трговија на големо со облека, освен работни униформи и долна облека и на ЛЕВИ СТРАУСС ДЕ ЕСПАЊА, С.А., со предмет на работење - приоритетна дејност: производство на друга облека и модни додатоци.

Друштвата над чиј дел од имот се стекнува контрола немаат корпоративно присуство во Република Северна Македонија и не остваруваат приходи на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за*

*заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**